РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
-ДОМ НА МЛАДИ
Бр. 0401-130/2
06.08 2026 год.
ШТИП

Врз основа на член 76-ж став (1) и став (2) став (3) точка (1), член 77, член 77-а став (2) ,член 77-б, член 77-в, член 77-г, член 77-д и член 77-ѓ од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24), член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 39/25), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Правилник за систематизација на работните места во Општинска установа за култура „Дом на млади“- Штип бр.0101-138/1 од 01.09.2020година,Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен оглас од Општинска установа за култура „Дом на млади“- Штип бр0101-129/1 од 04.08.2026 година и одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.242/24), известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр. 19-5135/2 од 16.07.2026 година и Одлуката за објавување оглас со бр. 0204-130/1 од 05.08.2026 година, директорот на Општинска установа за култура „Дом на млади“ - Штип објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР. 01/2026

**I.** Општинска установа за култура „Дом на млади “- Штип има потреба од вработување на 1 (едно) лице помошно техничко лице во културата, на неопределено време за следното работно место:
**1. Друг одговорен сценски работник** во помошно – техничка служба, помошно – технички лица од областа на културата ,шифра на работно место КУЛ 04 01 А02 007..........(1) еден извршител,

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните:

**II. Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Покрај доказите за исполнетост на општите услови за вработување, кандидатот треба да достави и докази за исполнетост на посебните услови и тоа:**
**За работно место со реден број 1:**
- Да има завршено Средно/средно музичко образование , гимназиско образование , средно техничко образование ;
- Без работно искуство;

**III.Распоред на работно време:** Дневно работно време за огласените работни места е во траење од осум часови дневно, односно 40 часа неделно, работни денови: понеделник до петок, работно време од 07:30 до 15:30 часот.

**IV.Месечна нето плата без минат труд** ................44.639 денари

Рок за доставување на **пријавата** со потребните документи изнесува 15 (петнаесет) дена, сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Пријавата за јавниот оглас може да се подигне од архивата на Општинска установа за култура „Дом на млади “- Штип или да ја превземат од web – страната на Општинска установа за култура „Дом на млади “- Штип www.domnamladi.mk.
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. **Кандидатите**

**заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:**

- Уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци)
-Диплома за завршено образование  или уверение, оргинал или копија заверена кај нотар
-Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или   должност (не постара од 6 месеци)
-Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)
-Доказ за работно искуство ( доколку е наведено во посебните услови)

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар.

Некомплетно или ненавремено поднесени документи нема да се разгледуваат. По истекот на рокот за пријавување огласот ќе биде отстранет од интернет страната на Општинска установа за култура „Дом на млади “- Штип   .

Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас за работното место број1 и интервју.

Кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција имаат право да продолжат на интервјуто и ќе бидат контактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржувањето на интервјуто.

Во рок од три дена Комисија за постапка за вработување подготвува и до директорот доставува предлог кандидат за работното место под број 1 . Директорот во рок од 5(пет) дена од денот на добивање на предлогот  е должен да донесе одлука за избор.

**Пријавата за вработување за сите работни места содржи:**

-Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивациско писмо - кратка биографија;
-Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

Пријавата со потребните документи кандидатите да ја достават до архивата на Општинска установа за култура „Дом на млади “- Штип  во затворен плик или по пошта на адреса: Општинска установа за култура „Дом на млади “- Штип  , ул. „Партизанска“ бр. 27. 2000, Штип, (со назнака за „јавен оглас број  01/2026“), тел. за контакт +389 32 394 243, лице за контакт Дарко Стојанов.

**Општинска установа за култура „Дом на  млади “- Штип**
**Директор: Видан Лазарев**